СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 јули 1993 година

Скопје, јули 1993 година

**ШЕЕСЕТ И ШЕСТА (66) СЕДНИЦА, ОДРЖАНА НА 29.VII.1993**

ДНЕВЕН РЕД СТР.5

1. АНДОВ С ТОУАН 1
2. АРСОВСКИ БРАНКО 57
3. ГОШЕВ ТУШЕ 2, 83
4. ЗАФИРОВСКИ ГОРАН 31
5. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ 34, 35, 80
6. ЛАЗАТЕВСКА БИЉАНА 7
7. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН 8, 13, 17
8. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР 22, 25, 26
9. ПОПОВСКИ ДИМИТАР 35, 36, 37, 38
10. ПЕТРОВ ТОДОР 58, 72, 73, 74
11. РАМАДАНИ ИСМЕТ 18, 20, 21
12. СТОЈКОВ СТОИЛЕ 39, 41, 43, 63, 64, 65
13, СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 44, 47, 48
14. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ 81
15. ТРАЈКОВСКИ ПЕТАР 14, 17
16. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ 15
17. ХАЛИЛИ МУХАМЕД 82
18. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО 11, 18, 20, 24, 32 , 35, 3, 40, 47
19. ШАЌИРИ ХИСНИ 9, 11, 12

СЕДНИАЦТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 јули 1993 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,40 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-динот Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ристо Стаменов, Јордан Бошков, Ферид Садику, Џелил Таири, Тито Петковски, Тиме Андонов, Панче Насев и Јаким Ивановски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

Записникот од 5 6-та седница на Собранието на РМ Ви е доставен.

Дали некој од пратениците има забелешки на Записникот? (Нема).

Констатирам дека Записникот од 56-та седница на Собранието на РМ е усвоен.

За седницата поканети се претседателот на РМ г-дин Киро Глигоров, претседателот и потпретседателите и членовите на Владата на РМ и РСИЗ за водостопанство.

I/2 НН/СЛ

Предлагам делот на пратеничките прашања да го поминеме по исцрпувањето на точките од дневниот ред.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?(пратениците креваат рака).

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на РМ предлага на оваа седница по итна постапка да се донесат Законот за изменување и дополнување на Законот за избори и отповикување на пратеници и одборници; Законот за избор на претседател на Република Македонија и Законот за политичките партии.

Предлозите на законите Ви се доставени.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овие закони.

Има збор г-дин Туше Гошев, министер за правосудство.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, причините за кои Владата се определи трите закони да се донесат по итна постапка се следните.

Појдовна основа и цел на оваа определба е да се обезбеди нормативна основа за непречено функционирање на политичкиот систем и во доменот на спроведувањето на изборите за пратеници, одборници, избор на претседател на Републиката и за политичките партии. Начинот на изборот претставува начин на пренесување на суверенитетот на народот, на избраното претставништво во Парламентот, со што фактички се твори системот на парламентарната демократија, за која ние се определивме.

Кога ќе се спроведат изборите е прашање на политичка одлука што ќе ја донесе Собранието на Република Македонија. При ваква состојба тоа што е во одговорност на Владата, кое е во рамките на уставниот делокруг и ја потврдува политиката за спроведување на законите е овие закони да може да бидат подготвени за да може во определен момент што ќе го утврди Собранието да се спроведат изборите.

При ова сметам за потребно да укажам дека предлагањето на овие закони да се донесе по итна постапка не ги ускратува можностите за согледување на решени^ата и тоа од следните причини.

Во однос на законот за избор и отповикување на пратеници и одборници, основата на тој закон е позната, а измените и дополнувањата се прашања за кои пратениците во ова Собрание и пошироката јавност имаа можност најшироко да дискутираат и да ги искажуваат своите ставови и мислења и при донесувањето на Уставот на РМ. Така што тој закон и предложените решенија всушност се завршница на една претходна мошне плодна политичка активност.

Што се однесува до предлогот за донесување на закон по итна постапка за избор на претседател на Републиката, решенијата во основа се познати, затоа што во најголем дел истите се содржани во Уставот на Република Македонија. Овој закон со незнатни дополнувања всушност ја операционализира таа материја.

Што се однесува до законот за политичките партии, со тој закон се уредува постојното политичко делување во РМ, со тоа што одделни новини се однесуваат на запишувањето во судскиот регистер, што го води Окружниот суд во Скопје и распоредувањето на средствата сразмерно на бројот на гласовите, на постојните избори на бројот на пратениците. Значајно позитивни и прифатливи се и другите решенија во овој закон кој дефакто се усогласување со Уставот на РМ.

I/4

Што се однесува до деловничкиот основ за донесување на овие закони по итна постапка, тој е содржан во членот 344 и 345 од Деловникот на Собранието на РМ. Истиот е обезбеден затоа што постои неодложна потреба за нивно донесување, како што претходно изнесов за да може Собранието во оној момент кога ќе одлучи да се спроведат изборите непостоењето на законски основи не претставува пречка за донесување на таквата одлука.

Владата беше на повеќе пати прозивана и од опозицијата и од вонпарламентарните партии во РМ за донесувањето на овие законски проекти. Еве Владата ги поднесе и ја задоволи таа желба на опозицијата на сите вонпарламентарни партии во Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој е за предлогот на Владата, законот за изменување и дополнување на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници да се донесе по итна постапка, молам да крене рака?(73 прат.)

Дали има некој против?(1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање?(10 пратеници)

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Кој е за Предлогот на Владата, Законот за избор на претседател на Република Македонија, да се донесе по итна постапка, молам да крене рака? (76 пратеника).

Дали има некој против?(1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање?(9 пратеници).

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот на Владата.

Кој е за предлогот на Владата законот за политичките партии да се донесе по итна постапка, молам да крене рака?(78 пратеника).

Дали има некој против?(1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање?(6 пратеника).

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот на Владата.

Законодавно - правната комисија предлага дневниот ред за денешната седница да се дополни до Предлог на автентично толкување на член 3 став 2 од Законот за продажба на становите во општествена сопственост ("Службен весник на СРМ" број 36/90 и "Службен весник на РМ" број 62/92 - Пречистен текст "Службен весник на РМ" број 8/93).

Кој е за предлогот на ЗПК, молам да крене рака?(76 пратеника

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(никој).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот **дневен ред:**

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници;
2. Предлог на закон за избор на претседател на Република Македонија;
3. Предлог на закон за политичките партии;
4. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за соработка меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи на Република Бугарија, со Предлог на закон.
5. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за трговија и економска соработка склучена меѓу Владата на Република Македонија и Руската Федерација, со Предлог на закон;
6. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за емисија на административни и судски таксени марки, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за изменување на Кривичниот закон на Република Македонија, со Предлог на закон;

8. Предлог на закон за осигурување на имот и лица;

9. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за стапките и основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравствено осигурување во Македонија.

10»Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за висината на придонесите за водостопанство;

11. Предлог на одлука за разрешување и именување претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници;

12. Предлог на одлука за именување претседател и членови на Одборот за одбележување и прослава на 100-годишнината од основањето на ВМРО;

13/. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Заводот за рехабилитација на деца и младинци - Скопје;

14. Предлози на одлуки за избор на членови на конкурсни комисии за именување индивидуални работоводни органи;

15. Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата;

16. Предлог на одлука за именување членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Економскиот факултет во Прилеп;

17. Предлог на одлука за именување претставници на Републиката во Советот на Педагошката академија во Битола;

13. Интерпелација за работата на членот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи д-р ЉУбомир Фрчковски;

19. Интерпелација за работата на членот на Владата на Република Македонија и министер за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија Антони Дешев.

20. Предлог на автентично толкување на член 3 став :2 од Законот за продажба на становите во општествена сопственост ("Службен весник на СРМ" број 36/90 и "Службен весник на РМ" број 62/92- Пречистен текст "Службен весник на РМ" број 8/93)

Дали има некој предлог за изменување или дополнување на предложениот дневен ред?

Има збор Биљана Лазаревска.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Сакам да предложам дополнување на дневниот ред со Предлог-програма за изработка и измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови во РМ за 1993 година.

На Комисијата ја разгледавме оваа Програма уште на 25 јуни 199 3 година и во Извештајот се вели дека оваа Програма нај- веројатно ќе помине за реализација и во 1994 година, а за нејзина целосна реализација го молам Собранието и оваа точка да биде на дневен ред на денешната седница на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го ставам на изјаснување предлогот на госпоѓа Лазаревска.

Кој е за молам да крене рака?(37 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го прифати предлогот на г-ѓа Лазаревска.

Има збор, Трајан Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господо пратеници, на претходната седница од група пратеници беше поднесено барање за наредната седница да биде ставено на дневен ред настанатата ситуација во Работната организација "РЕК Битола" со изготвена Информација од Владата. Исто така, треба да се достави на пратениците, по нивно барање, Информација од Синдикалната организација и Штрајкувачкиот одбор. До денес тоа не е сторено. Предлагам на оваа седница да се уврсти оваа точка и да се достави Информација за настаните во РЕК Битола.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира, оваа точка не е ставена заради тоа што не е добиена Информација од Владата. Владата не испрати Информација заради тоа што во писмена форма тој предлог не е доставен до Собранието, за да можеме да го упатиме. Само е изречен од говорница.

Се извинувам, секретарот ме поправа. Доставен е, но се уште немаме Информација. Кога ќе дојде Информацијата ќе го ставиме на дневен ред.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Мене ми се чини имаше време Владата , оттогаш заседава 3-4 пати и можеше да изготви материјал на оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пак Ви објаснувам. Ние и според Деловникот не можеме да ставиме на дневен ред точка, ако не е доставена Информацијата што е барана. Немаме материјал.

Што се однесува за писмото од Синдикалното раководство од РЕК Битола, тоа е упатено на надлежното работно тело. По праксата што ја имаме ние Синдикалната организација треба да општи со извршните органи или со работните тела на Собранието, а не со седницата на Собранието.

Има збор г-дин Хисни Шакири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Господа пратеници, предлагам на оваа седница да биде точка на дневен ред состојбата во земјоделието од зафатената суша.

Бидејќи и оваа седница има продолжение, како и другите претходни седници, Владата ќе може и ќе има време да ја изготви Информацијата по која ќе расправа Парламентот.

Јас сметам дека е момент оваа проблематика со која се соочуваат нашите земјоделци да се најде во собраниската процедура, особено да се дискутира за регионите каде што има систем за наводнување, бидејќи ситуацијата е многу алармантна, вода нема од акумулациите на вештачките езера, штетите се големи кај сите земјоделски производи. Како пример јас ја користам приликата да го истакнам Кумановскиот регион кој главно се наводнува од акумулацијата Липково. Производителите за нивните насадени култури не ја користат водата поради рестриктивните мерки кои беа воведени од страна на Претпријатието за водостопанство "Куманово". Ми се чини дека состојбата е иста и во другите општини на Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ова барање да го упатиме до Владата и Владата да подготви Информација. Инаку не знам како можеме да расправаме сега.

Според тоа господине Шакири, Вашето барање и предлог ќе го упатиме до Владата да подготви Информација и на првата наредна седница ќе го ставиме на дневен ред.

II/1.-JM/МЛ

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Јас од Парламентот барам да се изјасни по оваа проблематика и ми се чини дека Владата ќе има време да изготви една таква информација, бидејќи нашите седници траат скоро по месец дена и до крајот на оваа седница може да се направи една таква информација од страна на Владата и ќе има доволно време да предложи мерки за сегашната состојба во земјоделството. Мислам доста е потребно овој Парламент како законодавен орган да расправа за оваа проблематика. И барам предлогот да се стави на гласање.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Се согласувам со пратеникот кој вели дека ова е еден од најсериозните проблеми со кои што се соочува Република Македонија и тоа не само оние кои непосредно живеат од земјоделието, би- дејќи не е само земјоделието засегнато, туку и воопшто проблем е . сега веќе и со водата за пиење- и за други потреби. Владата на неколку наврати овој проблем го разгледуваше на своите седници. Се разбира има подготвено материјали и информации, меѓутоа за владини потреби, мислам за потребите на министерствата, за потребите на извршната власт. Не е проблем да се подготви информација, дури со она темпо со кое што пратеникот Шакири бара, а тоа е во текот на седницата да се достави до Собранието. Единствено што можеби би се направил еден преседан, а тоа е досега точки не се ставале на дневен ред на Собранието ако претходно веќе не е понуден материјал. А секогаш кога ќе се направи еднаш преседан, тоа отвора можности за во иднина да се практикува. Така што ако се согласува пратеникот Шакири, мислам со оглед на тоа што не е проблем од страна на Владата да се понуди информација за состојбите, тоа сепак да го направиме на првата наредна седница особено што со овој редослед на седниците не се знае дали ќе дојде

побрзо на разгледување ако на оваа седница во подолните точки од дневниот ред, или на некоја наредна седница како прва точка од дневниот ред. ,Исто така, што о однесува до претходниот предлог, а тоа е барање да се подготви информација за состојбите во РЕК "Битола", исто така Владата тој проблем го разгледува. Доставено е до Владата тоа барање. Таа ќе подготви информација. Тоа можевме и досега да го направиме, само што сметавме дека во овој период е многу побитно да се оспособи РЕК "Битола", отколку да пишуваме информации и да расправаме во Парламентот и поголемото внимание го посветивме на тој дел од проблемот.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Овој проблем со водите во нашата Република е присутен со месеци и ситуацијата е многу алармантна и критична. За проблемите во земјоделството кај нас стана пракса да се расправа во зимскиот период, што не може да се процени ниту штетата, ниту ништо друго заради овие причини, ве молам јас барам на оваа седница да се стави како точка на дневниот ред, бидејќи е моментот кога може да се процени штета, па и да се предлагаат мерките од страна на Владата. А на есен да се расправа по оваа точка мислам дека нема ни- каков ефект.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го ставам на изјаснување предлогот на господинот Шакири да се уврсти во дневниот ред информација од Владата и да ја задолжиме со тоа Владата во текот на седницата да подготви информација од Владата за сушата која сега владее и последиците од неа.

Кој е за предлогот на господинот Шакири, молам да крене рака. (69 пратеници).

II/3.-

Констатирам дека предлогот на господинот Шакири е усвоен.

Господинот Мицевски сака нешто да дообјасни.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Господа пратеници, не се согласувам со предлогот на ; Владата да се чека, да се направи тоа. Работите си одат напоредно, таму си се работи, а ние треба да расправаме за настанатите проблеми. Не е пречка тоа. Затоа предлагам информацијата доставена до Собранието од Синдикатот и од штрајкувачки РЕК да биде поделена на пратениците, затоа што тие бараат да се подели. Не е тоа точно дека не се доделуваат од синдикални подружници. Ние досега во текот на работата на ова Собрание многу, многу такви се поделени информации и предлози од синдикални подружници и не било пречка тоа да се подели. Еве ја таа информација што бараа тие да се додели, таа е доставена, само требаше да се умножи и да се достави до сите пратеници,а и ќе имаа време досега да ја прочитаат за да можат да земат учество во расправата. Затоа предлагам да се стави на гласање, да се уврсти во дневниот ред за оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што да се уврсти?

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Точката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Која?

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Оваа што ја предлагам.

II/4.-

**СТОЈАН АНДОВ;**

Предложете ја. Овде не можеме да уврстиме точки од Синдикатот. Тоа не може.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Имаше десет дена досега да се изготви материјал и да се расправа по него.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Мицевски, што предлагате?

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Тогаш нека се расправа по информацијата на Синдикатот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не може. Пак ќе ви дадам збор. Сега напуштете ја говорницата, ве молам и расчистете што барате точно. Ќе ви дадам збор кога сакате. Сега не е јасен предлогот. Предлогот не можам да го формулирам. Ќе добиете пак збор ако ви стане јасно вам и нам да ни стане јасно.

**ПЕТАР ТРАЈКОСКИ:**

На барање на поголем број граѓани од општина Прилеп, неколку спортски клубови после катастрофалниот пожар што ја зафати и целосно уништи спортската сала "Македонија" и заради важноста на еден ваков објект за општината на 9 јули, пред 20 дена поднесов Предлог за донесување на закон за учество на Република Македонија во финансирањето на изградбата на спортската сала "Македонија", со Предлог на закон. Ова барање на граѓаните и спортските клубови на општина Прилеп и поднесувањето на Предлогот се состои врз основа на

член 71 став 1 од Уставот на Република Македонија, член 287 став 2 и член 294 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, а го поднесувам овој предлог за донесуваше на закон за учество на Република Македонија во финансирањето на изградбата на спортската сала "Македонија" во Прилеп. Бидејќи причините ни се познати поради кои треба да се донесе законот, само накратко да кажам дека во неодамнешниот пожар целосно е уништен објектот спортската сала "Македонија" во Прилеп со корисна површина од 5.20 0 м2, со 2.00 0 седишта, со помошна сала за тренинзи, куглана, млечен ресторан, прес центар и други пропратни простории и се друго што е потребно за еден ваков објект. Имајќи го предвид значењето на спортот и физичката култура во чии рамки се остваруваше и функцијата на спортската сала "Македонија" во Прилеп, се налага потребата за негова повторна изградба. Законот е предложен и со поткрепа на уставниот основ за донесување на овој закон кој е содржан во член 68 став 1, алинеја 2 и член 47 став 5 од Уставот на Република Македонија според кој Собранието на Ре- публика Македонија донесува закони и Републиката ги поттикнува и помага физичката култура и спортот. Оценката и состојбите и цел- та што се постигнува со донесувањето на законот заради големото оштетување и целосното уништување на спортската сала "Македонија" во општината нема можност за одржување на спортски активности во овој објект. Да напоменам дека во Прилеп како спортски град моментално салата ја користат три прволигашки екипи, две второлигашки екипи, работнички натпревари од сите фабрики, првенства во мал фудбал итн. Пресметковната вредност на настанатата штета на објектот пресметана во денарска противвредност изнесува над 15 милиони германски марки. Износот што ќе се обезбеди од осигурувањето на објектот не обезбедува ниту 1/5 од штетата. И покрај навремното

само да напоменам бидејќи овој закон писмено е преведен на 9 јули, а досега не добивме мислење на Владата по овој закон. Со оглед на тоа што на оваа седница има околу 2 0 точки, а по неколку денови претстои годишен одмор на Собранието скоро од месец дена мислењето може и дополнително да се достави. Барам оваа точка да влезе на дневен ред, не во првите, во последните точки бидејќи и досега сме имале доста примери кога за многу голем број на барања се чекало за мислење на Владата, а со оглед на тоа што почнува и годишниот одмор на Собранието, за тоа време сигурно Владата ќе ни достави мислење после кое ќе може да се расправа по овој закон и дали ќе се дополнува, или отфрли, или во квалитетот на законот, тоа е друго.- .....

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, Владата до денес не е запозната со Предлогот за донесување на ваков закон и бидејќи како што чувме од излагањето на господинот Трајкоски се работи за закон кој создава обврски на државата. Поаѓајќи од одредбите од Законот за системот за финансирање на општите општествени и заеднички потреби каде е пропишана обврска предлагачите на закон со кој се создаваат финансиски обврски на државата во него да ги утврдат и изворите, обемот и динамиката на средствата со кои ќе се измири таа обврска. Не ќе биде можно пред министерствата и Владата да го разгледаат и да ги билансираат евентуалните извори на средства за да се уврсти набрзина на дневен ред на оваа седница овој за- кон. Според тоа, останува Владата да се запознае со тој Предлог на закон, па да даде мислење.

**ПЕТАР ТРАЈКОСКИ:**

Јас добро ве разбрав господине министре, јас напомнав дека законот писмено е предаден на 9 јули 19 93 година во 10 часот Моето барање е само законот да влезе на дневен ред на оваа седница да биде во последните точки. Со оглед на тоа што ни претстои годишен одмор и веројатно оваа седница би продолжила после месец дена, дотогаш Владата ќе го даде своето мислење, дали има финансиски средства, или нема, од кои извори итн. Само да влезе на дневен ред и да биде во последните точки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го чувме ставот на Владата. Предлогот на господинот Трајкоски го ставам на изјаснување.

Кој е за, молам да крене рака? (32 пратеника).

Констатирам дека овој предлог не е усвоен.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Предлагам да се стави точка на дневен ред расправа информација за настаните во РЕК, а во меѓувреме Владата да изготви информација со оглед на тоа што има доста да се работи по овие точки и ќе имаат време да изготват и да ја достават информацијата до пратениците. Барам да се постави на дневен ред оваа точка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го ставам на изјаснување предлогот на господин Мицевски информација од Владата за настаните и состојбите во РЕК "Битола".

Кој е за, молам да крене рака?. (55 пратеници).

Бидејќи тоа е мнозинство од присутните, констатирам дека овој предлог е усвоен.

II/8.-

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа во името на пратеничката група на ПДП НДП предлагаме на оваа седница да се расправа и за уште една точка која би требало да биде на дневен ред: Состојби во основното, средното и високото образование со настава на албански јазик. Образложение. Би расправале за условите во основното образование, за опфатеноста на учениците албанци во средното образование, како се спроведуваше, односно како се спроведува приемниот испит во средното образование и во високото образование, опфатеноста на студенти албанци во високото образование, Педагошката академија, издавачката дејност, а и за Министерството за образование и физичка култура, односно попрецизно за Заводот за унапредување на образованието и воспитанието во Република Македонија. Затоа предлагам да се расправа на оваа седница, а за ваша информација пратеничката група пред две недели мислам дека се обрати до Собранието да се расправа за една ваква точка и очекувавме дека ова ќе биде на дневен ред уште денеска.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, откако писмено се обрати пратеничката група со ова барање, барањето е испратено до Владата и во една нормална постапка кога ќе дојде информацијата ќе биде ставена на дневен ред. Инаку ова сегашно барање на денешната седница да се стави на дневен ред од страна на господинот Рамадани дали го прифаќа Владата. Тука не е министерот, јас не знам кој може да ви одговори.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Ние го добивме барањето од пратеничката група. Онака како што е поставено тоа барање, бара една поопстојна анализа, бидејќи се работи

за состојбите, целокупноста на состојбите во основното, средното и високото образование, уште повеќе што токму сега е период на уписни рокови итн. што тие се променливи категории. Ние работиме на тоа и ја прифаќаме обврската да поднесеме информација до Собранието за да таква точка се разгледува. Не сме во можност тоа на денешната седница да го направиме.

III/1 ПЈ/НД

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Бидејќи сигурна претпоставка е дека доаѓаат одморите, а некаде на 25 односно на 15 август веќе се конкурира во средните училишта, па и во високото образование, јас мислам дека веќе нема време да се чека, па да се расправа на една од наредните седници, затоа што тогаш тоа веќе ќе биде со големо задоцнување. Ако Владата не може да подготви Информација, а ние дури сме спремни таква информација да доставиме за оваа седница и од пратеничката група какви се состојбите, како што ние ги гледаме за да се расправа во ова Собрание. Меѓутоа, јас мислам дека Владата може таква информација да достави со претпоставка, исто така, дека оваа седница може да трае неколку дена

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие инсистирате да го ставам на изјаснување вашиот предлог? (Да)

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Господинот Рамадани е сосема во право дека ако се чека тогаш кога Собранието ќе расправа и ќе донесе некои ставови, тогаш да почнат да се решаваат некои проблеми, дека ќе биде премногу доцна. Тоа се однесува на сите оние теми што претходно ги разговаравме, а ние чекавме, прво, Собранието да расправа, па да донесе ставови за РЕК Битола, па потоа да почнеме со санацијата таму на хаваријата и штетите што настанаа или по прашањето на сушата итн., тешко дека нешто во оваа држава ќе почне да функционира. Прашањата се актуелни и ние како Влада во доменот на извршната власт во доменот на функционирањето на министерствата ги следиме работите и во рамките на своите ингеренции и овластувања преземаме мерки воопшто, бидејќи се работи точно како што рековме за уписни рокови итн.,за согледување

на состојбите и предлагаше на решенија за проблемите кои евентуално произлегуваат. Истото се однесува и за суштата, истото се однесува и РЕК Битола, затоа што јас реков кога еднаш ќе се направи преседан дека може без однапред поднесен материјал да се стави точка, како што гледате сега може да оди тоа до бескрај и уште повеќе што повторно ни се случува една пракса, не за оваа точка, ова е сосема нешто друго, меѓутоа за некои други работи, нешто што повеќе му соодветствува да биде во институцијата пратенички прашања станува тема на редовна работа на Собранието. Главно тоа се информации за еден проблеми или за друг проблем каде што ќе се води една долга расправа. На крајот ќе се донесат заклучоци по кои ќе се каже дека се задолжува Владата да ги следи состојбите и да презема соодветни мерки. Обично така завршуваат, а крајот, расправите по некои конкретни прашања. Така, што моја сугестија е, сепак, за да може да функционира поефикасно Парламентот, меѓутоа Владата, сето она што може да се смести во институцијата пратенички прашања да си го најде таму местото, а сепак тежиштето во Парламентот да се даде на она што е улога на највисокото законодавно тело. Велам ова не се однесува за оваа најконкретна точка, туку генерално за денеска неколку прашања што беа поставени и по овој редослед можат да се постават уште неколку Информација за конкретни случаеви во конкретни простори во -Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас, исто така, се сложувам со дел од изјаснувањето на господинот претседател на Владата и исто така сум информиран дека во Владата нешто се прави и се следи уписните рокови, запишувањето на учениците, меѓутоа, исто така знаеме дека има и такви проблеми од таква природа

во образованието, почнувајќи од основното до високото образование, што мислам дека би требало да расправа Собранието. Таква информација јас мислам нема никаков проблем во Владата се се подготви за два-три дена и да се достави да кажеме нека биде и како последна точка на дневниот ред, кој е предложен за денес. Јас мислам дека и треба да се прифати тоа. Собранието по ова да се изјасни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, предлогот на господинот Рамадани, го ставам на изјаснување.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

1б пратеници гласаа за.

Констатирам дека овој предлог не е усвоен. Господин Митевски бара збор.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас имам своја заложба да како точка на дневен ред на оваа седница да биде Информација за одвивање на стечајната постапка на Чевларскиот комбинат ЧИК од Куманово. Ќе дадам едно кратко образложение во што се состои итноста за да оваа точка биде на дневен ред.

Поаѓајќи од фактот дека по низа состаноци со претставниците на Владата, доверителите и претставниците на Комбинатот ЧИК беше донесена одлука за одвивање на активен стечај на Комбинатот, кој започна да се одвива од 18 јуни 1993 година. На вработените, а тоа се 3260 работници и беа врачени решенија за престанок на работниот однос во Комбинатот и беа упатени на биро за вработување преку кое требаше да им се обезбеди според Законот за стечај таканаречена материјална помош, тоа е износ од 70 до 80 стари милијарди

здравствена заштита и на поедини од нив зависно колку имале стаж да им се уплаќа и да им се рачуна стажот во траење од две до три години. После веќе поминати месец ипол дена работниците кои ги зеле отказните решенија а на кој стои дека не се работи за активен стечај, туку за ликвидација на комбинатот и се пријавиле за вработување, досега не добиле никаква материјална помош, а не добиле ни зелени картони за остварување на здравствена заштита. Ако појдеме од проста претпоставка дека вработените со 1260 работници, а заедно со своите семејства бројат некаде 15000 не го остваруваат својот егзистенцијален минимум, значи тие се без средства за живот, оти од месец февруари 1993 година не добиле личен доход, се наоѓаме пред сериозен проблем како држава, а знаеме дека нашиот устав вели дека Македонија е и социјална држава. Според тоа, тоа се проблеми од социјална сфера. 15000 илјади лица претставуваат еден цел град од средна големина во нашата Република. Како повод и всушност причина за да побара оваа точка да се стави на дневен ред е тоа што стечајниот управник донел одлука само 2 60 работника, нормално за почеток да се јават на работно место без да се објават критериумите кои им се ветувани тогаш и според кои ќе се одберат работниците. Дали се тоа квалитетни работници, дали одлучувачки фактор е минатиот труд, значи оние што имаат повеќе стаж, дали пак социјалната карта е одлучувачка за да некој биде повторно повикан на работа, а оние другите со големо трпение да чекаат ако некогаш бидат повикани.

Од оние сознанија што ги довив од Здружението на стечајни работници, тоа здружение е веќе формирано со кое направив разговор вчера, добив информација дека помеѓу овие 260 работници, мислам не се овие 260 работници избрани според ниеден од овие критериуми. Па, можеби ако вака се продолжи случајот да добие и некоја политичка конотација заради тоа сметам дека, всушност, не навлегувам во тоа дали имало друго решение, освен стечајна постапка или ликвидација на

Комбинатот да чуеме овде јавно на говорницата што се случувало на овие низа состаноци со претставниците на Владата, доверителите и дали овие 15000 лица засега социјални случаи, оти знаеме дека иде есен, еве сега имаме нова цена на лебот, треба да се набават учебници, 150 милијарди е комплет учебници за еден основец, облека, чевли, огревно дрво. Сега им претат дека струјата ќе им ја прекинат, оти сега електро дистрибуција веќе зарачунала и камати, оние што не платиле, па према тоа мислам дека овој проблем е акутен и бидам да се стави на дневен ред.

Го ценам ова што го кажа претседателот на Владата дека ние немаме изготвено информација, но исто така се сложувам со претходните дискутанти дека има време, оваа седница веројатно ќе биде една од оние помаратонски седници, па да и дадеме време на ресорните министерства кои се бават со оваа проблематика а тука е Министерството, министерот Стефанов, цело време бил во тек со оваа постапка, министерот за социјала и труд и тој е тука поврзан, па сметам дека има време за да добиеме една информација и на овие 15 иљади работници да им покажеме дека оваа држава е социјална држава и дека мисли на нив.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Па еве, јас мислам дека секој нареден предлог не убедува во кој правец ќе оди сега. Сега имаме веќе од градови прејдовме на конкретни претпријатија и тоа можеме денес да побараме точки за иљата проблеми во Македонија. Не е ова мал проблем, поготово што голем број на луѓе се зафатени за таа работа. Меѓутоа, што, каква информација за согледување на состојбите ако за тоа се очекува кога еве вие дадовте информација овдека какви се состојбите во ЧИК Куманово Што би било целта на расправата? Да речеме тоа јас би го поставил како прашање.

Дали Собранието може да го реши проблемот на ЧИК Куманово. Дали постои начин да се реши проблемот на ЧИК Куманово. Ако има начин да расправаме. А ако се состои целата идеја во тоа овдека да го отвориме проблемот и да кажеме дека е скап животот, а една фирма со голем број на вработени отиде .под стечај и други можеби ќе одат итн.,што со тоа, што е целта, целисходноста на целата работа. Мислам дека одиме во една бесмислена работа. Тоа што се коси со основните функции на Парламентот,највисоко законодавно тело кое што ќе донесува закони итн. Тоа што се случува во ЧИК Куманово е нешто што се одвива според постојната законска регулатива. Едно претпријатие на пример, долгот спрема доверителите е од тој обем што во одреден период не може да ги врати затоа што е блокирана сметката 60 дена, тоа е закон. Ако предлагате измена на законот тоа е друго. Тоа е точка што треба Собранието да ја разгледува. Да кажеме измена на Законот и постапката и процедурата итн. тогаш вреди нешто да разговараме. Меѓутоа не ја гледам смислата на вакво ставање на точки на дневен ред, притоа без никаков појдовен материјален информатор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Митевски.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Се слагам со се она што го кажа претседателот на Владата, меѓутоа мислам дека целосно не ме разбрал. Јас кажав дека од 18 јуни тече стечајна постапка. Луѓето се упатени на бирото за вработување и сега немаат ни зелени картони за добивање на здравствена заштита. Онаа таканаречена материјална помош што им следува не ја добиле на праг сме на есен а кажав не сум стручен дали имало и други решенија не сум економист по струка, доверителите сигурно си го бараат тоа што

118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ (не е тука)
119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ (воздржан)
120. ХИСНИ ШАЌИРИ (не е тука)

Влезе ли некој во меѓувреме? Не се јавува никој.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 77 пратеника, од кои 48 гласале за, 8 се против, 21 се воздржани.

Констатирам дека овој предлог е усвоен.

Даден е предлог за донесување на закон за измена и дополнување на Законот за стопански престап со Предлог на закон.

Кој е за предлогот, молам да крене рака.(49 пратеника)

Дали има некој против? (11 пратеника).

Дали некој се воздржува?(9 пратеника).

Констатирам дека и овој предлог е усвоен.

Има збор г-динот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас мислам дека прашањето што сакам да го поставам на дневен ред е едно од најактуелните , т.е. финансиската состојба на Републичкиот завод за вработување. Еве зошто го предлагам ова.

На една од двете претходни седници расправавме за стапки на придонес на Републичкиот завод за вработување. На таа седница донесовме конкретен заклучок дека Републичкиот завод треба да изготви конкретна анализа за финансиските состојби во Заводот за вработување. Оттогаш до денес поминат повеќе од 20 дена, проблемите се многумактуелни бидејќи со овие финансиски средства што ги убира Заводот за вработување и проблемите што се присутни таму задира голем број на граѓани. Пред се јас ќе спомнам и за прашањето што го потегна господинот Митевски од Куманово за стечајните работници од ЧИК, но и за другите стечајни работници во Република Македонија, бидејќи ова 4 македонски проблем, не е локален проблем сите стечајни работници во овој момент не примаат никакви материјални принадлежности од март месец наваму. Ако ги спомнам и другите категории, а пред се корисници на здравствената заштита, преку 46 иљади во рамките на Република Македонија, како и оние што користат материјално обезбедување итн.. , мислам дека на оваа седница една од последните прашам да биде оваа точка. Имам информација дека Републичкиот завод за вработување е готов со една таква една анализа и таа може да биде поделена на пратениците, па ќе можеме да расправаме за овој проблем.

Мислам дека има потреба од поставување на дневен ред на ова прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ние не можеме да ставиме точка на дневен ред кога не знаеме и кој ќе ни направи материјал. Како можеме така.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Готов е материјалот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, имаме предлог од г-динот Арсовски кој го ставам на изјаснување.

Кој е за предлогот на г-динот Арсовски, молам да крене рака? (38 пратеника).

Триесет и осум пратеника гласаа за. Според тоа констатирам дека овој предлог не е усвоен.

Г-динот Петров бара збор.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Врз основа на член 56 од Деловникот на Собранието според кој пратениците имаат право постојано и редовно да бидат известувани за сите прашања и проблеми чие познавање им е потребно за правилно и уредно вршење на нивната функција , а особено утврдената алинеја 4 за работата на Владата и врз основа на членот 99 според кој секој пратеник може на седница да предложи на дневен ред на таа седница да се стави определено прашање , но е должен да ја образложи итноста на тој предлог , предлагам Собранието на оваа 66-та седница да го стави на дневен ред следното прашање.

Информација за македонско - грчките преговори и активноста на Владата за остварување на членството -на Република Македонија во ООН и останатите меѓународни органи и организации и заедници под нејзиното уставно име. За овој предлог го давам следното образложение

Прво, Владата на Македонија обезбеди прием на Републиката во ООН под името Поранешна Југословенска Република Македонија, а образложението при обраќањето до Советот за безбедност од страна на премиерот од оваа собраниска говорница беше дека тоа е привремено име кое ќе трае 2 месеци и тоа само за интерна употреба на ООН. Меѓутоа, поминаа 2 месеци, а приемот на РМ во сите меѓународни органи организации и заедници се остварува под името Поранешна Југословенска Република Македонија. Следеше едно подолго отсуство на тогашниот вршител на должноста министер за односи со странство и потпретседател на Владата, сега министер за односи со странство, г-динот Стево Црвенковски во Њујорк за кои што разговори јавноста и овој Парламент воопшто не се информирани, дури и до ден денес.

Преговарачите односно именуваните посредници Венс и Овен, понудија Предлог Нацрт - спогодба за градење мерки на меѓусебна до-верба помеѓу Грција и Македонија, која што е крајно неповолна за Републиката, со име за "Репаблик оф Нова Македонија". Ние не дознавме во овој период воопшто какви беа забелешките и на Владата и на претседателот на државата по однос на ова предложена спогодба за градење мерки на доверба помеѓу Грција и Македонија.

Во меѓувреме на 18 јуни Советот за безбедност донесе Резолуција за испраќање и на 300 американски војници во рамките на силите на УНПРОФОР, меѓутоа, како за УНПРОФОР така и за ова упатување на мировни сили дополнително од околу 300 американски војници Владата воопшто не поднесе никаква информација и едноставно го заобиколи Парламентот.

VII/6

Во ООН Македонија седи под буквата "Т" и пожелно е Владата во рамките на оваа Информација да не извести зошто Македонија има меѓународна ознака "Т" или "РМ", како што е образложението во новиот Правилник за регистарските таблички што го донесе Министерството за внатрешни работи.

Преговорите помеѓу Македонија и Грција почнуваат на 1 август. Владата исто така, не даде никаква информација што преговара и за што се залага, меѓутоа, предлогот да се стави оваа точка на дневен ред ќе го поткрепам и со само две кратки информации кои што создаваат една недоумица и недоразбирање кај широката јавност што всушност Владата преговара и со какви овластувања.

Во весникот "Јуропион" министерот без портфељ Јане Миљовски ја дава следната изјава:"Името Славо Македонија не би преставувало проблем за словенската популација во Македонија, но ние имаме и албанско малцинство кое што не би го прифатило тоа.

Нова Македонија е секако име што не е најлошо. Ние сеуште не можеме да прифатиме дека името може да биде закана , меѓутоа, ако тоа е цената за постигнување разумно решение ајде да разговараме за тоа".

Исто така, во извештајот по повод Резолуцијата што го усвои Советот за безбедност за упатување 300 американски војници под закрила на мировните сили што го донесе на 18 јуни оваа година, во Извештајот сосема децидно стои дека делегацијата на бившата Југословенска Република Македонија е подготвена да разговара за модалитети на употребата на името само за меѓународни потреби.

Се. поставува прашањето со какво овластување Владата превзема активности да разговара за модалитети на името, а за тоа воопшто да не го информира Парламентот, поготово во светлина на почетокот на новите македонско - грчки преговори со посредниците на Советот за безбедност, кој треба да почнат од 1 август оваа година. Сметајќи дека и 65-тата седница за Светскиот Македонски конгрес па и оваа 66-та со предлозите на трите закони кои предизвикаа некое внимание во јавноста, претставува ништо друго туку само фарса за да се скрене вниманието на пошироката јавност од овие игри на Владата во врска со името и партиите

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте, немојте цели седници, немате право не сте добиле збор за тоа. Вие имате предлог , образложете си го ....

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Да јас и го образлагам предлогот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не,не го образложувате предлогот, навлегувате во сосема други теми. Само тоа што вие го предлагате кажете го.

Инаку ќе ви го земам зборот, немате што да кажете понатаму

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Тоа е ваша пракса...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да тоа е мое право, не е ваше.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Не пракса ви е.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Напуштете ја говорницата ве молам.

(пратеникот Тодор Петров продолжува да зборува на говорница)

Ја прекинувам седницата.

Пауза од 15 минути.

(паузата започна во 14 часот.)

(По паузата)

Седницата продолжи во 14,50 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Има збор господинот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, иако од името на пратеничката група ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство по- бара пауза, меѓутоа сакајќи да допринесеме како партија околу целисходноста на денешнава седница ја искористивме оваа пауза за да го кажеме нашето мислеше околу предложената точка на дневен ред.

Согласно членот 99 од Деловникот ја предложив пред малку следната точка како дополнување на дневниот ред: Информација за начинот на прибирање средства во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, вкупните состојби во овој фонд, односно причините за ненавремено исплаќање на пензиите. Го слушнавме мислењето на претседателот на Владата, меѓутоа точката ја предложивме од следните причини: ненавремено исплаќање на пензиите поради поранешните состојби во фондот, но и поради избегнување на дел од субјектите кои се обврзани да ги намируваат своите обврски кон Фондот, истите не ги намируваат. Не може Владата да наоѓа изговор дека не е обврзана да изготвува информација за својот дел, ќе повторам, за својот дел од обврските кон ова Собрание по прашањето за исплаќање на пензиите кога повеќе од 240 илјади граѓани се обесправени. А да повторам Владата се прогласи за ненадлежна да расправа и да дава информации по ова прашање. Се поставува прашањето во чие име и за кого владее оваа коалициона Влада кога прогласувајќи се за ненадлежна.

**СТОАН АНДОВ:**

Тоа прашање ќе го разјасниме ако поднесете интерпелација, господине Стојков, или покренете прашање на доверба. Сега кажете вие за што сте дојдени на говорницата. Само тоа.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Или за над 300 илјади вработени ако се прогласи исто ненадлежна, тогаш се разбира за кого владее. Затоа бараме Владата да подготви информација согласно Уставот и Деловникот за својот домен на работите меѓу кои и за остварување на извршните функции на одредени органи во наплатата, односно прибирање на средствата за пензиско и инвалидско осигурување од оние кои се обврзани да плаќаат придонеси и по овој основ. Собранието, а со тоа и пратениците се тие што меѓу другото вршат политичка контрола и надзор над Владата согласно член 68 од Уставот. Цениме дека Владата е таа што располага со информации за тоа кој е тој што не ја почитува законската обврска за плаќање придонеси и по основ за пензиско и инвалидско осигурување. Фондот е тој што исто така по оваа точка ќе даде информација и бараме да даде информација и ќе ја достави до Собранието повеќе и затоа што во текот на вчерашниот ден Управниот одбор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување одржа седница и сигурно нивните заклучоци и збирната информација од таа седница, исто така, ќе ја добиеме. Затоа цениме дека пратениците се тие кои се должни да ја оценат итноста на предложената точка и да ја прифатат, или отфрлат, а Владата нема деловничко право да ги избегнува одговорностите за состојбите и со пензионерите и нивните пензии и за други прашања кои можат да доведат до нараснување на социјалните тензии и дестабилизација на македонската држава, ако знаеме дека тие наши мајки и татковци со

ништо не  го заслужија сегашниот третман со чесно заработените пензии изградувајќи ја оваа македонска држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, држете се за предлогот. Ако се уврсти на дневен ред, тогаш вие ќе дадете уводно излагање.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Пратениците ќе го кажат, а не вие господине претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не. Јас ја водам седницата и никој друг.

**ТОДОР ПЕТРОВ:(ОД** МЕСТО)

Барам процедурална забелешка по членот 105.

**СТОЈАН АНДОВ:**

После ќе добиете збор. Вие немате збор.

Ја прекинувам седницата и предлагам пауза од 10 минути. (По паузата).

Господине Стојковски, формулирајте го точно предлогот за да го дадам на изјаснување.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, денеска по четврт пат ќе го формулирам прашањето, односно точката што како пратеничка група ја предлагаме да биде на дневен ред и се надевам дека ќе ја запаметите: Информација за начинот на прибирање средства во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, вкупните состојби во овој фонд, односно причините за ненавремено исплаќање на пензиите. Таа е формулацијата. И пред

малку кажав дека како пратеничка група ба- раме Владата во својот дел од должностите за ова прашање и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување да изготват информации, а оваа точка да биде меѓу последните точки на дневниот ред кои се предлагаат за денешната седница. Тоа е формулацијата и нормално барам пратениците да се изјаснат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот на господинот" Стоиле Стојков, молам да крене рака. (26 пратеници).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Сомневајќи се согласно Деловникот во резултатите од гласањето, барам поединечно гласање за оваа точка, затоа што мислам дека е многу битна и барам поддршка од 10 пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има поддршка од 10 пратеници.

Ве молам, процедурална интервенција сака господинот Пе ров пред да минеме на поединечно гласање кое е врзано за ова.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

(ПРИЛОГ)

VIII/5.-

# С П И С О К

## на пратеници во Собранието на Република Македонија според азбучен ред на презимињата

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | (воздржан) |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | (не е тука) |
| 3 . ЕШРЕФ АЛИЈУ | (не е тука) |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | (против) |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | (за) |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | (воздржан) |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | (не е тука) |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | (за) |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | (за) |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | (не е тука) |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | (за) |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | (воздржан) |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | (не е тука) |
| 14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | (воздржан) |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | (не е тука) |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | (не е тука) |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | (против) |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | (за) |
| 19. ПЕТАР ГОИЕВ | (за) |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | (не е тука) |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | (воздржан) |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | (за) |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | (воздржан) |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | (воздржан) |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | (за) |
| 26. БОРКОЃОРЧЕСКИ | (за) |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | (воздржан) |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | (воздржан) |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | (не е тука) |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | (против) |

31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ (за)
32. НАСЕР ЗИБЕРИ (не е тука)
33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ (против)
34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ (воздржан)
35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ (не е тука)
36. ИВАН ИВАНОВ (за)
37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ (не е тука)
38. ЈАКИМ ИВАНОЕЈСКИ (не е тука)
39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ (не е тука)
40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ (не е тука)
41. РИСТО ЈОВАНОВ (не е тука)
42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ (за)
43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ (не е тука)
44. ТАШКО КИРОВ (за)
45. ЗОРАН КИТЕВ (за)
46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ (за)
47. СТОЈАН КОВАЧЕ СКИ (не е тука)

Со ГОРГИ КОТЕВСКИ (за)

49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ (не е тука)
50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ (за)
51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА (за)
52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ (за)
53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ (не е тука)
54. ЕФТИМ МАНЕВ (за)
55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ (воздржан)
56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА (не е тука)
57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ (Не е тука)
58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ (против)
59. СТРАШО МИЛКОВСКИ (против)
60. ПАНЧО МИНОВ (не е тука)

61 ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ (Не е тука)

62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ (за)
63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ (против)
64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ (не е тука)
65. АВДИ МУРТЕЗАНИ (не е тука)

VIII/7.-

66. НАИФ МУСТАФА (не е тука)
67. ПАНЧЕ НАСЕВ (не е тука)
68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ (воздржан)
69. СИМОН НАУМОСКИ (не е тука)
70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ (не е тука)
71. ЈОВАН НИКОЛОВ (против)
72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ (против)
73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ (не е тука)
74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ (За)
75. ТИТО ПЕТКОВСКИ (не е тука)
76. ТОДОР ПЕТРОВ (за)
77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ (за)
78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ (воздржан)
79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ (Не е тука)
80. КИРО ПОПОВСКИ (не е тука)
81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ (воздржан)
82. НИКОЛА ПОПОВСКИ (Не е тука)
83. ШАБАН ПРЕВАЛА (Не е тука)
84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ (не е тука)
85. ИСМЕТ РАМАДАНИ (воздржан)
86. ИВАН РАМБАБОВ (воздржан)
87. ШУКРИ РАХИМИ (воздржан)
88. ФЕРИД САДИКУ (не е тука)
89. НЕИМ СЕЛМАНИ (против)
90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ (воздржан)
91. АЦО СПИРОВСКИ (Не е тука)
92. РИСТО СТАМЕНОВ (не е тука)
93. РИСТО СТАНКОВСКИ (не е тука)
94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ (за)
95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА (воздржана)
96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ (против)
97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ (воздржан)
98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ (не е тука)
99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ (за)
100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ (не е тука)
101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ (не е тука)

102 . ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ (за)
103. ПЕТАР ТЕМЕЛЌОВСКИ (за)
104. БЛАГОЈ ТОШЕВ (за)
105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ (воздржан)
106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ (за)
107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ (за)
108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ (не е тука)
109. АГИМ ФАЗЛИУ (воздржан)
110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ (не е тука)
111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ (за)
112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ (не е тука)
113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ (воздржан)
114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ (за)
115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ (воздржан)
116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ (не е тука)
117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ (против)
118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ (за)
119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ (воздржан)
120. ХИСНИ ШАКИРИ (против)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 71 пратеник.

За предлогот гласале 34 пратеници и 14 против. 23 се воздржани.

Констатирам дека овој предлог не е усвоен. Господинот Петров бараше процедурална интервенција.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакам да укажам на повреда на деловникот од страна на претседателот и го користам правото по член 105, став 2 да укажам на таа процедурална забелешка. Според мое лично мислење повредата на претседателот на Собранието на деловникот, пред се, по член 105 став 2 се однесува на тоа што веднаш после дадената пауза на пратеникот Тодор Петров, не му дозволи да го искаже своето мислење во форма на процедурална забелешка како што и побарав иако по деловнико1 е должен да им даде збор на пратениците, доколку сакаат да зборуваат за повреда на Деловникот или за повреда на утврдениот дневен ред. А после таа процедурална забелешка претседателот може да даде објаснување дали мислењето на пратеникот е во согласност со деловникот или не. Меѓутоа, моето укажување на оваа процедурална забелешка е следното. Претседателот од нему познати причини даде пауза после излагањето на пратеникот Петров, паузата заврши и веднаш му даде збор на пратеникот Стоиле Стојков. Пратеникот Стојков предложи точка која што пред малку беше предмет на гласање и побара пауза, меѓутоа, токму претседателот на Собранието предложи да има пауза за консултации внатре во пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ од кога ќе се исцрпат другите предлози. Воопшто за мене од непознати причини претседателот веднаш после дадената пауза изврши повреда на постапката според Деловникот, заради тоа што со одземањето на правото на збор на пратеникот Тодор Петров го суспендира од постапка изјаснувањето на Парламентот по предлогот кој што го даде пратеникот Петров за ставање посебна точка на дневен ред. Ја користам можноста да повторам дека претседателот треба да ја стави точката на дневен ред, која што беше предложен за да овој Парламент се изјасни, независно од исходот на гласањето, а точката гласеше. Информација за македонско - грчките преговори и активностите на Владата во остварувањето на членството на Република Македонија во ООН

останатите меѓународни органи и организации и заедници под нејзиното уставно име.

Уште една процедурална забелешка, друг пат кога претседателот по негово мислење одзема збор на пратеници, независно дали е во согласност или не со деловникот на Собранието на Република Македонија, не коментира од страна по одземањето на зборот пратеникот малку да се олади. Затоа што очигледно на некого му е потребно ладење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, вие и не можете да го советувате претседателот тоа може надвор, не од говорница, не е ваше право тоа. Ве молам, ќе ви го земам зборот повторно.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Заради тоа што кога ќе се прегрее има потпретседатели кои можат да го заменат, а не да го малтретира целиот парламент заради некој физички состојби.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, напуштете ја говорницата, не ви помага никаква упорност и нема да ви дозволам да го кршите деловникот. Нема да ви дозволам и напуштете ја говорницата.

Ве молам нема да допуштам на никого да си поигрува со Собранието и да го крши Деловникот. Тоа е услов основен на Собранието за да може да работи. Инаку, предлогот на господинот Петров е овде забележан и ќе го дадам на изјаснување, но господинот Петров му беше тогаш одземен зборот, заради тоа што наместо да даде образложение на предлогот почна да држи говори за теми кои можат да дојдат на говорница само ако покрене интерпелација, ако побара

одговорност или на друг начин. И тоа беше причината зошто му го одзедов зборот. Меѓутоа, тој тврди дека имало деловнички прекршок. Ве молам Собранието да се изјасни во склад со член 105 од Деловникот.

Кој е за тој предлог да се прифати, нека крене рака?

Молам Собранието одлучува по тоа.

Кој е за, кој се согласува со Петров, нека крене рака?(1)

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Пратеник кој сака да зборува за повреда на деловникот или повреда на утврдениот дневен ред претседателот ќе му даде збор, штом тој ќе го побара. По тој говор претседателот е должен да даде објаснување во поглед на повредата на Деловникот. Тој таа обврска по Деловникот ја заврши. Друг предлог од пратеникот Петров нема.

**СТОЈАН АНДОВ:**

А, добро, значи, е задоволен од објаснувањето и не смета дека има деловнички прекршок. Тоа е во ред.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Тоа е ваш коментар, не е мој.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, ве молам или има и го давам на изјаснување или нема. Си го повлекувате.

Имаме уште еден предлог од господинот Петров, да се uврсти на дневниот ред на оваа седница Информација за македонско - грчките преговори и активностите на Владата во ООН и другите органи за прием под нејзиното уставно име.

Кој е за, молам да крене рака?

33 пратеници гласаа за.

Според тоа, констатирам дека овој предлог не е усвоен.

Господинот Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Бидејќи се сомневам од гласањето барам поименично гласање и барам 10 пратеници кои ме поддржале.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има 10 пратеници.

Го молам секретарот нека изврши поединечно гласање.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | против |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | не е тука |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | не е тука |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | воздржан |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | за |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | против |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | не е тука |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | за |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | за |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | за |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | воздржан |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | против |
| 14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | не е тука |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | не е тука |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | против |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | за |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | за |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | не е тука |
| 21. САНДЕ ДАВ^ЕВ | воздржан |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | за |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | против |
| 24.ТОДОР ДИМОВ | воздржан |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | за |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | за |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | против |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | против |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | за |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | не гласа |

нд

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН З^ФИРОВСКИ | за |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | не е тука |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | не е тука |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | воздржан |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | за |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | против |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | не е тука |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | за |
| 43. РИСТО ЃЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | за |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | за |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | за |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | против |
| 48. ГОРГИ КОТЕВСКИ | за |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | за |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | за |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | за |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | за |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | за |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | воздржан |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | против |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | против |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСЌИ | не е тука |
| 60. ПЛНЧО МИНОВ | против |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | не е тука |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | за |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | воздржан |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | не е тука |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | за |

IX/57

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | не е тука |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | не е тука |
| 69. СИМОН НАУМО.СКИ | против |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | против |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | против |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | не е тука |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | против |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | не е тука |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | за |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | за |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | воздржан |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | против |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | не е тука |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | не е тука |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | воздржан |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | воздржан |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | против |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | против |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | не е тука |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | воздржан |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | против |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | против |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 95. СЛАВЈАНКА СТО.ЈАНОВА | против |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | против |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | за |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | не е тука |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | не е тука |

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛЌОВСКИ | за |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | против |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | за |
| 107. ДНЦИТАР ТРПЕНОСКИ | воздржан |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | за |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | воздржан |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | за |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | против |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | не е тука |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | против |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | против |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | против |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | не е тука |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | не е тука |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | за |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | воздржан |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | воздржан |

**СТОЈАН АНДОВ :**

Гласаа 80 пратеници за овој предлог.

За гласаа само 34 пратеници.

Против гласаа 30.

А се воздржаа 16 пратеници.

Според тоа, констатирам дека предлогот не е усвоен.

Имаме уште еден предлог во врска со дневниот ред што беше усвоен во расправата изнесен и образложен итноста и временски образложен, тоа е предлогот од господинот Ковачевски Кирил, пратеник на ВМРО-ДПМНЕ, да се уврсти на дневен ред на оваа седница Предлог за донесување по итна постапка на Закон за изменување на Законот за избирачките списоци, со Предлог на закон. Образложението беше дадено, а го чувте и мислењето на Владата.

Господин Ковачевски, сака повторно нешто да дополни.

IX/9

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, како што кажав порано, бидејќи Владата не беше во состојба да направи ваков закон, тоа пратеничката група и јас подготвивме предлог за донесување по итна постапка на закон за изменување на Законот за избирачките списоци со Предлог на закон. Обавезно, покрај другите три закони, треба да се донесе и овој закон. Ако не се донесе>> тогаш важи стариот закон од 1976 година, а според тој ќе гласаат граѓани што не се државјани на Република Македонија, што значи од целата територија на бивша Југославија, по него се гласа со лична карта, пасоши и други исправи а може и со некој документ од сегашното државјанство. И од непосреден увид, што значи, како што пишува непосредно проверување, што значи ќе идат извесни лица по улици ќе ги запишуваат сите дојдени во Република Македонија од Бивша Југославија. И бројката на малцинствата рапидно ќе порасне. Се смета дури и албанската националност ќе има 800 илјади на тој начин. Што ќе стане голем срам за македонскиот народ, македонската држава. Тука ќе бидат зафатени и тие лица дојдени и од Албанија, од Косово, од Босна, бидејќи немаме ние за тие дојдени лица логори. Тие живеат сите во куќи, а штом живеат во куќи тие ќе бидат попишани и тие ќе учествуваат на следните избори. Затоа, предлагам да се уврсти овој закон во дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Веројатно претставникот на Владата нешто ќе додаде на ставовите што беа изнесени. Нема ништо да додаде.

Господинот Стефковски сака деловничка забелешка.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи се работи за дополнување на дневниот ред и поднесување на закон за избирачки списоци зад кои стои целата пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, нормално е дека тој закон, покрај образложението што го даде пратеникот господинот Кирил Ковачевски да биде поделен на пратениците.

Со оглед на тоа дека текстот на Предлогот за избор и дополнувања е даден пред 20 минути во Собранието на РМ, стручната служба на Собранието треба да направи, напор да биде поделен тој текст на законот за да имаме квалитет во изјаснувањето. Поради тоа барам пауза од 15 минути за договор во пратеничката група, а стручната служба да направи напор и предлогот да биде поделен на пратениците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа, известени сме дека не е само господин Ковачевски предлагач на законот, туку и пратеничката група, така извести координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и бара пауза од 15 минути, што апсолутно мора да го прифатиме. Истовремено ја задолжуваме стручната служба за тоа време за го умножи текстот и да го подели на пратениците.

Давам пауза од 15 минути.

(Паузата траеше од 15,45 до 16,35 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Последен предлог за дополнување на дневниот ред беше од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ во дневниот ред да се стави предлог за донесување по итна постапка на закон за изменување на законот за избирачките списоци со предлог на закон.

Го ставам на изјаснување овој предлог.

Кој е за молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

49 пратеници гласаа "за".

Дали е некој против? (9)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Ве молам 58 пратеници гласаа вкупно а ве известувам дека 73 пратеници се присутни во салата.

Според тоа ние имаме резултат од гласањето, само обрнувам внимание да се гласа.

Според тоа констатирам дека овој предлог е усвоен и законот е ставен во дневниот ред.

За збор се јавува господинот Мухамед Халили.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Предлагам како последна точка во дневниот ред да биде предлог на закон за изменување и дополнување на законот за изборни единици со предлог на закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немаме таков предлог, ве молам.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Владата нека каже.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, Владата, а ја само ве известувам дека немаме ама нека каже Владата. Дали вие ќе подготвите или Владата да подготви.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Ако Владата не е спремна да подготви ние бараме седницата се одложи и ќе излеземе со наш предлог на закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали Владата ќе се произнесе и кој во име на Владата ќе каже.

Има збор господинот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Веќе премиерот кажа, тоа што Владата имаше да поднесе веќе го направи со предлагањето на 3-те закони. Согласно членот 71 од Уставот на РМ, покрај Владата имаат право да предлагаат закони и. други материјали пратениците. Така овде останува Собранието по прашањето само да се произнесе дали овој законски проект ќе го стави на дневен ред или не.

Владата кажа премиерот дека нашите предлози се усвоени во дневниот ред.

Во име на пратеничката група барам седницата да се одложи и со работа да продолжиме утре или задутре.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, закажувам седница за утре во 10,00 часот. Да продолжиме утре и молам пратеничката група на ПДП да го искористи тоа време за ова што сега го предлага.

Сега прекинуваме со работата на седницата.

(Седницата прекина со работа во 16,45 часот).